# ЈАЗИЧНИ СРЕДСТВА ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ДИСТАНЦА

ВИОЛЕТА НИКОЛОВСКА,

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

# Поимот *дистанца*

- Поимот *дистанца* го сметаме за семантичка категорија,
- која може да биде изразена регуларно, со ГРАМАТИЧКИ средства (и морфолошки) – информацијата да биде ГРАМАТИКАЛИЗИРАНА,
- но и да биде изразена со ЛЕКСИЧКИ средства

- Теориски, ќе се повикаме и на теоријата на когнитивна лингвистика, и тоа:
- ТЕОРИЈАТА НА КАТЕГОРИЗАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ПРОТОТИП (која ја воведува Елеанор Рош, втората половина на 70 – тите години на минатиот век) и
- Теоријата за метафората како одлика на човековиот когнитивен процес, претставена од Лејкоф и Џонсон (во „Metaphors we live by“)

# Изразување на *дистанцата* со граматикализирана информација

- На МОРФОЛОШКИ ПЛАН имаме изразување на **ПРОСТОРНА ДИСТАНЦА** (дистанца во просторот)
- Показните заменки (деиксис во просторот):
- *Овој, оваа, ова, овие; оној онаа, она, оние; тоја, таа, тоа, тие*
- Морфолошките експоненти на тројниот член во македонскиот јазик (кој води потекло од показните заменки)
- *Човеков, човекон, женава, детено*
- (Семантичката разлика е **блиску**, со формантот –в наспрема **далеку**, со формантот – н.
- Членските наставки со формантот –т, според Конески, се „најчесто во служба на општо определување на предметот, без однос спрема неговата пространствена позиција“, но сепак, и кај нив може да „се сеќава нијанса на пространствено определување Пр. *Дај ми ја книгата!* (онаа што е близу до тебе)

# ТРАНСПОЗИЦИСКО ИЗРАЗУВАЊЕ НА ДИСТАНЦАТА

- Кога велиме ТРАНСПОЗИЦИСКО ИЗРАЗУВАЊЕ на дистанцата,
- повторно сме НА МОРФОЛОШКО НИВО НА ИЗРАЗНИТЕ СРЕДСТВА НА ЈАЗИКОТ,
- но сега не станува збор за специјализирани форми за изразување на спомената СЕМАНТИЧКА КАТЕГОРИЈА (како што се членот и заменските деиктички зборови),
- туку за развивање на ДОПОЛНИТЕЛНО, НЕОСНОВНО, ТРАНСПОЗИЦИСКО, НЕПРОТОТИПНО значење на одредени морфолошки форми

# ТРАНСПОЗИЦИСКО ИЗРАЗУВАЊЕ НА ДИСТАНЦАТА

- Заменката *ВИЕ* (транспозиција на член на парадигма во позиција на друг член од истата парадигма)
- **Учтиво обраќање** или/и воспоставување на **социјална дистанца**
- Конески, Б. 1982: 332: **форма за учтиво обраќање**, обраќање кон едно лице во учтив и тон на почитување
- Временски контекст, втора половина на минатиот век): Конески: „Ваквата нејзина употреба е нова, непозната во народниот јазик. ... Имаме значи една необичност за нашата граматика, баш поради тоа што овие форми за учтиво обраќање не се поникнати од самиот наш јазик, ами се прекопирани во него“

# ТРАНСПОЗИЦИСКО ИЗРАЗУВАЊЕ НА ДИСТАНЦАТА

- Од аспект на денешната употреба, со временска **дистанца:**
- Николовска, В. (2012: 14): „Во нашите учебници обраќањето со *вие* многу често се дефинира како обраќање со почит. Но да се запрашаме дали не ги почитуваме оние на кои им велиме *ти*? Нашите родители, пријатели, блиски? Секако дека не е така. За обраќањето со вие ние овдека ќе кажеме дека е воспоставување на дистанца во комуникацијата. Кога ја воспоставуваме таа дистанца? Кога некој не ни е познат, сигурно, но и кога некој е на некое социјално рамниште една скала погоре: по возраст, по функција (во фирмата на пр.)“.
- Станува збор за воспоставување **СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА**.

# ТРАНСПОЗИЦИСКО ИЗРАЗУВАЊЕ НА ДИСТАНЦАТА

- Категоријата СТАТУС / ДИСТАНЦИРАНОСТ / ЕВИДЕНЦИЈАЛНОСТ во употребата на формите на **ПЕРФЕКТОТ (МНВ)**, поткатегорија на категоријата модалност (Тополињска, 3 2008: 58)
- Тополињска 2008: 58: Термините ***нон-комфирматив*** и ***дистанцираност*** се на американските лингвисти В. Фридман и Х. Лант (Friedman 2004; Lunt 1952), „кои ми се чинат најадекватни со оглед на нивната значенска порака. Се работи за категорија која во македонската терминолошка традиција е позната како ПРЕКАЖАНОСТ, а која во историјата на балканистичките истражувања се здобила со многу други називи како: dubitativus, inferentialis, evidentialis, admirativus, mediativus, status, а во полската традиција strona świadka. Ова множество називи се должи на фактот дека се работи за една семантичка категорија (која по мое и не само мое – сп. На пр. Б. Конески 1982, 1986 мислење е поткатегорија на категоријата МОДАЛНОСТ) која во различни јазици и различни ситуации се пројавува со различни семантички нијанси со заеднички именител: **дистанцирање на говорителот од пренесуваната порака, резерва во однос на вистинитоста на пораката“.**

# ТРАНСПОЗИЦИСКО ИЗРАЗУВАЊЕ НА ДИСТАНЦАТА

- Ќе наведеме пример, многу користен во последно време на вести, кога презентерот, поточно авторот на веста се дистанцира од нејзината вистинитост: *Предложените мерки ќе влијаеле позитивно на економскиот раст во подрачјата што ги опфаќаат*.
- Овој тип на употреба на формите на перфектот (МНВ) во македонскиот јазик ќе го наречеме **транспозициска употреба на граматичка форма** (облик на време кај глаголот) **за изразување на категоријата дистанца** (дистанцираност – Тополињска, па и статус кај истата авторка).
- Се работи за **дистанца во однос на вистинитоста**, односно веродостојноста на содржината на исказот.

# Јазичните средства за изразување на категоријата *дистанца* од аспект на когнитивната лингвистика

- Најпрвин ќе резимираме дека досега зборувавме за три типа дистанца како семантичка категорија:
- Дистанца во просторот
- Социјална дистанца
- Дистанца во однос на вистинитоста, веродостојноста на исказот (соопштението)
- Ќе се обидеме овие сознанија да ги разгледаме во светлина на когнитивната лингвистика.

# Јазичните средства за изразување на категоријата *дистанца* од аспект на когнитивната лингвистика

- Ќе се осврнеме на две теории, претставени преку нивните најеминентни застапувачи и основачи.
- Елеанор Рош, во втората половина на 70-тите години од минатиот век, ја воведува Теоријата на категоризација врз основа на прототип. Според оваа теорија, градењето на категории се заснова врз сличности меѓу членовите на категоријата со прототипот. Прототипот се одредува како најдобар пример на категоријата (Негриевска 2019: 49).
- Следствено, оваа употреба на перфектот во македонскиот јазик (развиена и под влијание на друг/и јазици), би можеле да ја наречеме **непрототипна**.

# Јазичните средства за изразување на категоријата *дистанца* од аспект на когнитивната лингвистика

- Ние веќе го употребуваме овој термин:
- „Во употребата на граматичките форми на зборовите (во учебникот) се нагласува дека во морфологијата потребно е да се разликува форма од значење. Се разликува, мотивирано од поставките на Теоријата за категоризација врз основа на прототип во когнитивната лингвистика, **прототипна употреба на формите** (во нивното основно значење) од **непрототипна употреба на формите** (употреба на формите во значења кои се примарни за други форми) Николовска 2024: 8).
- Во учебникот оваа употреба на формите на перфектот не е спомената, но секако дефиницијата за непрототипна употреба може да ја опфати.

# Јазичните средства за изразување на категоријата *дистанца* од аспект на когнитивната лингвистика

- **Метафората како карактеристика на човековиот когнитивен процес (Lakoff and Johnson "Metaphors we live by" - 1980)**
- Доаѓаме до најинтересниот дел од сумирањето на заклучоците од оваа анализа. Авторите Лејкоф и Џонсон, во ова свое најпознато дело, тврдат дека **метафората не е само реторички украс, начин на несекојдневен јазик, наспрема секојдневниот**. Напротив, тие сметаат и покажуваат дека **метафората е неразделен дел од нашиот секојдневен живот, дека ние мислиме и делуваме во рамките на метафората.** Таа е карактеристика на нашиот когнитивен процес. Без да ги наведуваме примерите од секојдневието, ќе се задржиме на една од основните поставки во оваа теорија.

# Јазичните средства за изразување на категоријата *дистанца* од аспект на когнитивната лингвистика

- Како е заснован нашиот концептуален систем? (Lakoff and Johnson 1980: 56-60)
- Метафоричниот процес оди од конкретното, спацијално искуство кон апстрактното, неспацијално.
- „... Ние типично го концептуализираме нефизичкото во рамки на физичкото ...“(Lakoff and Johnson 1980: 59).
- Затоа, сметаме дека сосема оправдано, врз основа на нашиот преглед на средствата за изразување на дистанца во македонскиот јазик ќе кажеме:

# (LЈазичните средства за изразување на категоријата *дистанца* од аспект на когнитивната лингвистикаakoff and J (Lakoff and J)

- Развојот на семантичката категорија дистанца и средствата за нејзино изразување **како примарна ја има**
- **ПРОСТОРНАТА (СПАЦИЈАЛНА) ДИСТАНЦА**. Таа се изразува со **специјализирани средства**, како што се заменските зборови во кои има деиксис во просторот, и специјализираните морфолошки експоненти на тројниот член во македонскиот јазик.
- **СОЦИЈАЛНАТА ДИСТАНЦА И ДИСТАНЦАТА ОД ВИСТИНИТОСТА ИЛИ ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА СООПШТЕНИЕТО, во својата основа ја имаат просторно развиената метафора (метафора развиена врз основа на просторното искуство).**
- Со оглед на оваа вторичност, и средствата за изразување на овие типови дистанца се **резултат на транспозиција**:
- На член на парадигмата во позиција на друг член на истата парадигма (заменката *вие* за обраќање кон едно лице) и
- На граматичка форма (минато неопределено време) во нејзина непрототипна употреба.

# Јазичните средства за изразување на категоријата *дистанца* од аспект на когнитивната лингвистика

- Секако, дистанцата од веродостојноста на соопштението може да се изрази и со лексички средства (*демек, велат* и сл.), но нас нѐ интересираа првенствено граматичките.

*Ви благодарам на вниманието и трпението.*

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Конески, Б. (1982). Граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје: Култура.
- Негриеска, Н. (2019). „Когнитивен пристап за значењето на предлозите“, Палимпсест, Vol. IV, No 8, Штип.
- Николовска, В. (2012). Култура на изразувањето. Скопје: В. Николовска.
- Николовска, В. (2024). МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети / насоки. Скопје: Индиго-Хаб.
- Тополињска, З. (2008). ПОЛСКИ ~ МАКЕДОНСКИ Граматичка конфронтација. 8. Развиток на граматичките категории. Скопје: МАНУ.
- Lakoff George and Mark Johnson. (2003). Metaphors we live by. Chicago and London.
- Zeman. Sonja. “The Elementary Particles of Distance in Space, Time, Grammar and Discourse” In: Distance in Language: Grounding a Metaphor, edited by Barbara Sonnenhauser and Anastasia Meermann. Cambridge Scholars Publishing, 2015, pp. (7-36).